# АДИНГПОКС-Н

*Тиксотропно, трокомпонентно лепило за врска помеѓу стар и нов бетон произведен на епоксидна основа*
*Одговара на: ASTM C881*

## Област на примена:

За врска помеѓу свежи (нови) и веке изведени материјали произведени на цементна основа (бетон). Се нанесува на вертикални и хоризонтални површини. Долгото "отворено" време за работа го прави многу погоден за примена во случаи каде што треба да се постави оплата или да се вградува дополнителна арматура. Претставува идеално решение при изведба на санациони работи на мостовски конструкции, фабрички хали и други инженерски објекти.
Може да се примени и како заливна смеса на анкери.

## Својства:

- Трокомпонентна смеса;
- Нема појава на собирање при процесот на врзување;
- Одлична адхезија за подлога;
- Висока јакост на притисок;
- Висока јакост на свиткување;
- Може да се нанесува и на влажна подлога;
- Отпорен на вода;
- водонепропустлив;
- Бавното врзување овозможува доволно време за формирање на оплата и армирање;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Специфична маса: | 1,7 гр/см$^3$ |
| Јакост на свиткување: (EN 1015-11) | 40,0±3 МПа |
| Јакост на притисок: (EN 1015-11) | 80,0±3 МПа |
| Атхезија: (EN 1015-12) | 6,0±1 МПа |
| Линеарни деформации: | |
| -по 1 ден | 0,04 мм/м' |
| -по 28 дена | -0,13 мм/м' |
| Време на врзување: | |
| -почеток | ~ 2 часа |
| -крај | ~ 4 часа |

## Подготовка на подлогата:

Површината на која се нанесува Адингпокс-Н треба да биде здрава, чиста, отстранети сите лабилни делови, обеспрашена и обезмастена. Температурата на површината на која се изведуваат работите да биде во граници од 5°C до 30°C.

## Вградување:

Компонентата Б се додава на компонентата А и се меша со бавен мешач до потполна хомогенизација. На така приготвена мешавина се додава компонентата Ц и повторно се меша до потполна хомогенизација. Нанесувањето на материјалот се врши со метална глетарка или со четка во дебелина од 1,0 до 2,0 мм. Вградувањето на новата цементна мешавина треба да се изврши за период додека Адингпокс-Н е сé уште леплив на допир. Доколу Адингпокс-Н стврдне пред да се вгради новата цементна мешавина. Истиот треба механички да се отстрани и да се нанесе нов по претходно наведената процедура.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| За дебелина на слој од 1мм | 1,7 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-П, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во сетови од 10,4 кг.
А компонента: 2,8 кг.
Б компонента: 0,9 кг.
Ц компонента: 6,7 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од максимум 25° C. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач-П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош.
Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар:
Адингпокс-Н и Растворувач-П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат близу до отворен оган или да се пуши за време на вградувањето.
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Адингпокс-Н се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*